# Службен гласник

## на Општина Кавадарци



| Број 74 | 31.05.2021 година |
|---|---|



СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на План за борба против корупција на Општина Кавадарци за 2021 година; | 6 |
| План за борба против корупција на Општина Кавадарци за 2021 година | 7 |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци; | 13 |
| Одлука за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци; | 13 |
| Решение за објавување на Одлука за формирање на организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци; | 14 |
| Одлука за формирање на организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци; | 15 |
| Решение за објавување на Одлука за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци | 18 |
| Одлука за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци | 19 |
| Решение за објавување на Правилник за начинот и условите за користење , сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци; | 20 |
| Правилник за начинот и условите за користење , сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци; | 20 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина | 27 |

| | |
|---|---|
| Кавадарци за 2021 година; | |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2021 година; | 28 |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година; | 30 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година; | 31 |
| Решение за објавување на Одлука за кофинансирање на проект во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2) ; | 33 |
| Одлука за кофинансирање на проект во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2) ; | 34 |
| Решение за објавување на Одлука за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор | 35 |
| Одлука за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор | 35 |
| Решение за објавување на Одлука за отпис на застарени побарувања на Општина Кавадарци од физички лица по основ данок на имот | 37 |
| Одлука за отпис на застарени побарувања на Општина Кавадарци од физички лица по основ данок на имот | 37 |
| Решение за објавување на Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2021 година; | 38 |
| Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2021 година; | 39 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет Мал.вред.П.бр.33/21 поведен пред Основен суд Кавадарци; | 40 |
| Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет Мал.вред.П.бр.33/21 поведен пред Основен суд Кавадарци; | 41 |
| Решение за објавување на Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци; | 42 |
| Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци; | 43 |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација на материјални добра (опрема за кабинети по музичко обрзование) од Здружение на граѓани “РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ” Кавадарци и давање на Општинско основно музичко балетско училиште “Лазо Мицев - Рале” Кавадарци; | 44 |
| Одлука за примање донација на материјални добра (опрема за кабинети по | 45 |

| | |
|---|---|
| музичко обрзование) од Здружение на граѓани “РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ” Кавадарци и давање на Општинско основно музичко балетско училиште “Лазо Мицев - Рале” Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација на материјални добра –уметнички слики од Ѓорги Кимов; | 46 |
| Одлука за примање донација на материјални добра –уметнички слики од Ѓорги Кимов; | 47 |
| Решение за објавување на Одлуката за примање донација на Проекти за изградба на Фотоволтаични електрани од ДПООПТУ “РЕСУРС ЛТДИ” извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци | 48 |
| Одлуката за примање донација на Проекти за изградба на Фотоволтаични електрани од ДПООПТУ “РЕСУРС ЛТДИ” извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци | 48 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци; | 50 |
| Одлука за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци; | 51 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за донација на Синдикалната организација на ЈП Комуналец Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци; | 51 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за донација на Синдикалната организација на ЈП Комуналец Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци; | 52 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за донација на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци; | 52 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за донација на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци; | 53 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци; | 54 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци; | 54 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за склучување на договор за регулирање на наплата на побарување по основ на комунални услуги за правни лица донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци; | 55 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за склучување на договор за регулирање на наплата на побарување по основ на комунални услуги за правни лица донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци; | 56 |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за работењето | 57 |

| | |
|---|---|
| на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за период од 01.01.-31.03.2021 година | |
| Одлука за усвојување на Извештај за работењето на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за период од 01.01.-31.03.2021 година | 57 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-937/3 од 25.05.2021 година, за поништување на одлука за давање на времено користење на движна ствар на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци со арх.бр.02-1649/3 од 07.12.2020 година, | 58 |
| Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-937/3 од 25.05.2021 година, за поништување на одлука за давање на времено користење на движна ствар на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци со арх.бр.02-1649/3 од 07.12.2020 година | 59 |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување на на тримесечен извештај за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2021 година донесен од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци; | 59 |
| Одлука за усвојување на тримесечен извештај за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2021 година донесен од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци; | 60 |
| Решение за објавување на Одлука за давање сосгласност на измена на Годишен план за вработување на ЈП Комуналец Кавадарци за 2021 година | 61 |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување Извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта "ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци за период од 01.01.2021-31.03.2021 година со број 03-1307/3 од 18.05.2021 година | 61 |
| Одлука за усвојување Извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта "ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци за период од 01.01.2021-31.03.2021 година со број 03-1307/3 од 18.05.2021 година | 62 |
| Одлука за давање согласност на измена на Годишен план за вработување на ЈП Комуналец Кавадарци за 2021 година | 63 |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, одстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарцисо број 03-1307/4 од 18.05.2021 година; | 64 |
| Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, одстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарцисо број 03-1307/4 од 18.05.2021 година; | 65 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 66 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина | 66 |

| | |
|---|---|
| Кавадарци за 2021 година ; | |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 67 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 68 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 69 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 69 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 70 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 71 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 72 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 72 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 73 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 74 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 75 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 75 |
| Решение за објавување на одлука за отстапување на користење простор во сопственост на Општина кавадарци за формирање на Младински Центар Кавадарци Одлука за отстапување на користење простор во сопственост на Општина Кавадарци за формирање на Младински Центар | 76 |
| Одлука за отстапување на користење простор во сопственост на Општина Кавадарци за формирање на Младински Центар | 77 |
| Решение за објавување на одлука за отстапување на користење простор во сопственост на Општина кавадарци за формирање на Младински Центар Кавадарци Одлука за усвојување на Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2022 година | 78 |
| Одлука за усвојување на Годишен План за вработување на Општина Кавадарци за 2022 година | 79 |
| Одлука за примање донација –Проект-идејно решение за изградба на „Парк на културата„ во Кавадарци од Здружение за екологија, животна срединаи просторно планирање, ЕКО ИНДИКАТОР Кавадарци | 80 |
| Одлука за примање донација –Проект-идејно решение за изградба на „Парк на културата„ во Кавадарци од Здружение за екологија, животна срединаи просторно планирање, ЕКО ИНДИКАТОР Кавадарци | 80 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 81 |
| Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година ; | 82 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на План за борба против корупција на Општина Кавадарци за 2021 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Планот за борба против корупција на Општина Кавадарци за 2021 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/1** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со Заклучок бр. 40-2929/1 од 02.03.2021 година на Владата на РСМ, Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси (“Сл. Весник на Р.М.” бр.12/19), Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 , Планот за борба против корупцијата “Акција 21” на Владата на РСМ, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05..... 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

**ПЛАН**

## ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА 2021 ГОДИНА

### I.ВОВЕД

Општина Кавадрци, во рамки на своите законски надлежности, утврди потреба од донесување на План за борба против корупцијата на Општина Кавадарци за 2021 година, постапувајќи по заклучокот број 40-2929/1 од 02.03.2021 година на Владата на Република Северна Македонија, а во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Правна рамка за донесување на Планот за борба против корупцијата на Општина Кавадарци за 2021 година ( во натамошниот текст План) претставува Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси (“Сл. Весник на Р.М.” бр.12/19) и Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Република Македонија“ бр.5/02). Планот во својата содржина претставува конкретизација на препораките содржани во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 и Планот за борба против корупцијата “Акција 21” на Владата на РСМ, кои се однесуваат на единиците на локалната самоуправа.

Различните анализи и истражувања покажуваат дека корупцијата се смета за еден од најголемите проблеми во општеството. Поради наведената актуелна состојба со корупцијата, институциите треба да го разгледаат спроведувањето на ефективното управување со ризик од корупција, како превентивна алатка за минимизирање на корупцијата.

За институциите да можат ефективно да управуваат со ризиците од корупција, ризиците мора да се идентификуваат, да се анализираат, за потоа со соодветни мерки и активности да се намали можноста од појава на корупција.

Планот за борба против корупцијата е документ во кој се детектираат слабостите во постоечкиот систем на работа во Општина Кавадрци, се утврдуваат стратешките цели кои треба да се постигнат со имплементацијата на Планот, се предвидуваат мерки и активности за остварување на целите, се посочуваат клучните носители на активностите и се уредува начинот на кој ќе се постигнат утврдените цели.

Во рамките на програмските активности за борба против корупцијата, општината ќе биде насочена кон воспоставување на контролни механизми и процедури за работа во областите од надлежност на единиците на локална самоуправа, делегирање на надлежностите, односно избегнување на централизирано и самоволно одлучување и особено постапување во законски рок со исклучително тесен и контролиран простор на делување и со неможност за било какво корумптивно однесување.

Области од надлежност на Општина Кавадарци, согласно Законот за локалната самоуправа се планирање и уредување на просторот, заштита на

животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, образование, спорт, социјална и детска заштита, здраствена заштита, заштита и спасување, противпожарна заштита и други области.

Општина Кавадарци соработува со медиумите со цел обезбедување на отвореност и транспарентност во своето работење, редовно информирање на граѓаните преку општинската WEB страна, како и контактни емисии и отчетност за текот на активностите на општината, остварување право на граѓаните на слободен пристап на информации од јавен карактер и примена на нависоки стандарди на отвореност, отчетност и одговорност.

## II. ДЕТЕКТИРАНИ РИЗИЦИ

Детектирани ризици врз основа на внатрешна анализа на работата на секторите во Општина Кавадарци.

Детектирање на проблемите во работата на Општина Кавадрци, поврзани со можноста за корупција, се врши врз основа на анализа на работата на поединечните организациски единици во рамки на администрацијата во Општина Кавадарци. За таа цел се врши собирање и анализа на податоци кои се однесуваат на воспоставените пракси на работа во секој сектор и одделение поединечно, а кои би можеле да укажат на слаба отпорност на системот на работа кон евентуални можности за корултивни дејствија.

Како ризични точки од аспект за можна корупција во системот на работа на општинската администрација, се детектирани следните:

- Во областа Вработување, како проблем е посочена неусогласеносга на голем број на закони кои го регулираат вработувањето со што се овозможува секаков вид на влијание: партиско влијание, непотизам, кронизам и клиентелизам;

- Условите за вработувања на инспекторите се регулирани со материјални закони со кои се регулира нивната надлежност, а кои не се усогласени со Законот за инспекциски надзор. Поради тоа се остава можност од произволно толкување на законските одредби кои се однесуваат на вработувањата на инспекторите;

- Законот за административни службеници ги пропишува условите при вработување на административен службеник по категории и нивоа на работни места. Не постои правна регулатива со која се регулирани условите за вработување (посебно образованието) на одредени позиции. Во законот не се доволно уредени системите за „мерење“ на работните компетенции на кандидатите во постапката за вработување, ниту пак постојат критериуми за бодување при интервју на кандидатите;

- Можности за корупција при исполнување на надлежноста на секторите, а се поврзани со комуникација со странки, постапување по пријави од странки, составување на записник од увид и известување за постапување по пријавите;

- Нејасни постапки и сериозни проблеми во спроведувањето на законите од областа на урбанизмот и урбаното планирање, проблеми при надзор над изведбата на градбите од втора категорија;

- Невоспоставен интегриран систем за регионално управување со отпад;

- Спроведување на обуки на општинската администрација со цел запознавање со механизмите за справување со корупцијата и запознавање со нивните обврски во таквите околности;

- Недостаток на гаранции за стриктно спроведување на процедурите за работа за што клучна улога треба да има зајакнување и екипирање на Одделението за внатрешна ревизија;

- Ризик од протекувањето на информации и злоупотреба на службена положба;

- Непрофесионално и неетичко однесување при реализација на предмети поврзани со јавноста, надворешни институции и граѓани;

- Вработениот поради непочитување на законските прописи и процедурите за работа да се доведе во состојба на злоупотреба на својата позиција, со цел да оствари некаква корист за себе.

## III. ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Цели кои се утврдуваат со Планот за борба против корупцијата се создавање и унапредување на воспоставената антикорупциска инфраструктура во Општина Кавадарци, преку унапредувањето на примената на законите со кои се регулира областа на борбата против корупцијата, зголемување на транспарентноста во работењето на органите на Општина Кавадарци и создавање на одржлива институционална и правна рамка за борбата со корупцијата која истата треба да ја намали во прифатливи граници и да ја сведе на маргинална општествена појава.

# IV. МЕРКИ, НАЧИН И АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ

Врз основа на детектираните ризици во работата на организационите единици во администрацијата на општина Кавадарци, поврзани со можна појава на корупција, а за остварување на целите на Планот за борба против корупцијата за 2021 година се предвидуваат следните мерки:

1. Мерки и активности кои произлегуваат од внатрешната анализа на работата на секторите:

❖ Почитување на процесите-процедурите за работа изаботени според систем за управување со квалитет ISO 9001: 2015;

❖ Употреба на електронски алатки за управување на документите и процесите DMS (Document management system) и спроведување на целосна дигитализација на процесите, која ке овозможи следење на процесите, делегирање на предметите по случаен избор, извештаи за активностите и сл;

❖ Отварање на нови канали за електронска комуникација со граѓаните каде аплицирањето ќе се врши електронски без физички контакт со службеното лице;

❖ Електронски информации во вид на мапа за траекторија на предметот со временска рамка која ќе им биде достапна на граѓаните;

❖ Web и мобилни апликации за пријавување на проблеми повисок степен на проценка на ризик од појава на корупција;

❖ Повисок степен на почитување и примена на законската регулатива;

❖ Доследно спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и повисок степен на почитување на зададените рокови во постапките за реализација на надлежноста на секторот;

❖ Воспоставување на електронски систем за инспекција Е инспектор, адаптиран по моделот предвиден во Планот Акција 21, за намалување на субјективното влијание на инспекторот за време на инспекцијата и подигање на институционален капацитет на инспекциската служба;

❖ Иницијатива за усогласување на законските одредби кои се однесуваат на вработувањата во јавната администрација, посебно на вработувањата на комуналните инспектори и измена во Законот за административни службеници за да се утврдат критериуми за мерење на работните компетенции на кандидатите во постапката за вработување и за бодување на интервјуто на кандидатите;

❖ Зголемување на транспарентност, одговорност, ефикасност и отчетност при реализација на надлежностите;

❖ Јакнење на свеста и едукација на вработените за последиците од коруптивни дејствија;

❖ Континуирана контрола врз работењето на вработените;

❖ Почитување на Кодексот на однесување за вработените во Општина Кавадарци;

❖ Воведување на систем на периодична и редовна контрола и надзор од страна на раководната структура над извршувањето на предметите на вработените кои се директно поврзани со јавноста, институците и граѓаните и почитување на законските прописи, интерните критериуми и правилници за работа;
❖ Воведување и примена на методологија за идентификување, анализа и оценка на ризиците од корупција;
❖ Ажурирање на постоечките стандарди и процедури за работа и нивно усогласување со законот и со воспоставената пракса;
❖ Интероперабилност и електронско поврзување помеѓу надлежните институции за воспоставување на усогласена архива на податоци на даночни и таксени обврзници и стандарди за нејзино чување;
❖ Вработените во секторот со пократко работно искуство поконкретно да се запознаат ( преку обуки и менторство) и да ги почитуваат принципите на Кодексот на однесување за вработените во Општина Кавадарци, во делот на ревизијата Етички кодекс на внатрешните ревизори, законските прописи и процедури и истите да ги применуваат во текот на работењето;
❖ Континуирано стручно усовршување на вработените со цел стекнување на професионални квалификации и стручност, соодветно познавање на стандарди и практики на работа;
❖ Секој вработен пред извршување на поединечна ревизија да дава писмена изјава за непостоење на судир на интереси;
❖ Подобрување и усовршување на постоечките процедури за контрола со цел надминување на евентуалните можности за корупција при реализација на надлежностите;
❖ Повеќе членови во комисиите за евалуација на пристигнати апликации за проекти по јавни повици, дигитализација на процесите во постапките на постапување на членовите на комисиите како и јавно отварање на пристигнати апликации за проекти преку достапни веб апликации;
❖ Користење на веб апликација за траекторија на предметот со утврдени рокови за спроведување на јавната набавка;
❖ Надлежните сектори, подносители на барањето за јавна набавка да вршат претходна анализа на пазарот во врска со тоа колкав број на економски оператори на пазарот во Република Северна Македонија ги исполнуваат предвидените минимални услови за утврдување на способност, како и во однос на стоките и услугите кои треба да се набават, колкав број на економски оператори можат истите да ги обезбедат, испорачаат или извршат. Доколку се утврди дека не постојат доволен број на економски оператори, односно дека не постои конкуренција на пазарат, соодветно да ги изменат (олеснат) предвидените минимални услови за способност и барањата и условите од техничките спецификации;
❖ Точно и прецизно да се врши планирање на постапките за јавни набавки и навремено во законски утврдениот рок, до крајот на јануари од тековната година, да се доставуваат до Секторот за јавни набавки заради подготовка и објава на Годишниот план за јавни набавки;
❖ Професионална едукација на вработените преку одржување на обуки за надградба на знаењето, обуки за практична примена на Законот за јавните набавки, обуки за антикорупција;

❖ Проценка на реални потреби за број на вработени и нивна стручна спремност во Општина Кавадарци,се предвидува следната активност :

- Изработената функционална анализа за Општина Кавадарци да се објави на веб страната на Општина Кавадарци;

❖ Во областа урбанизам каде како проблем е наведено Недоволен надзор над изведбата на градбите од втора категорија за 2021 година се превзема следната мерка:

- Воспоставување засилен надзор над изведбата на градби од втора категорија;

## V. НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ

Носители на предвидените активности во Планот за борба против корупцијата се вработените во општинската администрација на Општина Кавадарци.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Успешното реализирање на Планот за борба против корупцијата е основен предуслов за ефикасност на општинската администрација со цел зацврстување на довербата на граѓаните, функционирање на администрацијата на професионално ниво, овозможување на доследна примена на законските норми и развој на демократијата.
Со донесувањето на Планот за борба против корупцијата на Општина Кавадарци за 2021, Општина Кавадарци изразува подготвеност во целост за спроведување на нулта толеранција на корупцијата и нејзина апсолутна неприфатливост, професионално и чесно постапување од страна на општинската администрација и имплементирање на систем за заштита од мито и корупција.

Планот за борба против корупцијата на Општина Кавадарци за 2021 влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.08-3077/1
**27.05.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/2**
**31.05.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2002), а во врска со член 60 став 2 и став5 од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ“ бр.169/15...99/18), член 132 став 1 од Статутот на на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.08/05.....64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Се усвојува Иницијативата за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Општина Кавадарци отпочнува постапка за изработка на Локален еколошки акционен план за заштита и унапредување на животната средина на општината(ЛЕАП).

**Член 3**

Локалниот еколошки акционен план за акционен план за заштита и унапредување на животната средина на општината ќе содржи средорочни

активности и мерки за заштита на животната средина и здравјето на луѓето од интерес и во надлежност на општината, а ќе биде изработен во согласност со Националниот акционен план за животна средина и Методологијата за изработка на локални акциони планови за животна средина.

**Член 5**

По изработувањето на Локалниот еколошки акционен план истиот ќе се достави до Советот на Општина Кавадарци за донесување.

**Член 6**

Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) се донесува за период од 6 (шест) години и тековно се обновува во зависност од новонастанатите услови, а задолжително се обновува по истекот на рокот за кој е донесен.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3077/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за формирање на организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за формирање на организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2002), а во врска со член 60 став 5 од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ“ бр.169/15...99/18), член 132 став 1 од Статутот на на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.08/05.....64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За формирање на организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира организациона структура за изработка на Локален еколошки акционен план за животна средина(ЛЕАП) на Општина Кавадарци составена од ,

-Локален координатор и Заменик локални координатори;

-Локален комитет и

- Работни групи.

**Член 2**

Локалниот координатор и неговиот заменик се одговорни за активностите во врска со процесот на изработка на Локален еколошки акционен план за заштита и унапредување на животната средина на општината(ЛЕАП) и тоа :

-соработуваат со општинската администрација во реализација на планираните активности во процесот на изработка на ЛЕАП-от;

-се грижат за членовите на Локалниот комитет да бидат навремено информирани и подготвени за сите состаноци на Комитетот;

-да ги организираат состаноците на Локалниот комитет;

-да соработуваат со претставниците на државните органи, здруженија на граѓани и да ја координираат работата со целокупниот процес на изработка и развивање на ЛЕАП-от;

-помагаат во изработката на ЛЕАП-от и

-вршат и други работи во функција за изработка на ЛЕАП-от.

**Член 3**

За Локален координатор на Локалниот еколошки акционен план за акционен план за заштита и унапредување на животната средина на општина Кавадарци (ЛЕАП) се именува лицето Драгослав Симоновиќ – Раководител на сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина во Општина Кавадарци.

За заменик Локални координатори на Локалниот еколошки акционен план за акционен план за заштита и унапредување на животната средина на општина Кавадарци (ЛЕАП) се именуваат:

-Ана Несторова – Советник за спроведување на урбанистички планови во Општинска администрација и

-Роберто Паризов – Претседател на ЗЗУЖС Еко- живот Кавадарци.

**Член 4**

Локалниот комитет е одговорен за :

-формирање на работни групи кои ќе учествуваат во изработка на ЛЕАП-от;

-дефинирање на клучните проблеми со животната средина во општината;

-поставување на приоритети меѓу клучните проблеми;

-информирање на јавноста , односно заедницата за активностите поврзани со подготовка на ЛЕАП-от;

-поставување на приоритети за разрешување на проблемите со животната средина;

-развивање на ЛЕАП-от;

-врши и други работи во функција на ЛЕАП-от.

**Член 5**

За членови на Локалниот комитет се именуваат :

- Драгослав Симоновиќ - општинска администрација;
- Ана Несторова - општинска администрација;
- Роберто Паризов - ЗЗУЖС Еко- живот Кавадарци;
- Доне Илов – општинска администрација;
- Стефанија Стоева – општинска администрација;

- Павлинка Димова – ЈП „Комуналец“ Кавадарци- водовод;
- Верица Клинчарова – ЈЗУ Центар за јавно здравје Кавадарци;
- Димитар Радњански – општинска администрација;
- Петар Камчев - ЈП „Комуналец“ Кавадарци- зеленило;
- Јованче Колев- Државен инсперат за животна средина;
- Иван Боев – Универзитет „Гоце Делчев’Штип;
- Митко Керов - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 6**

Локалниот комитет заради поуспешна и детална изработка на ЛЕАП-от ќе формира 9 (девет) работните групи од следните области:

-општи податоци/ законодавство и јавно мислење/ вода и отпадни води/ отпад/ воздух/ бучава/ природа/ почва и земјоделие/ шуми и градско зеленило.

При изработка на ЛЕАП-от максимално ќе се користи целокупниот човечки потенцијал и знаење на заедницата.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-3077/3**
**27.05.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), член 184 Физибилити студија за финансиска и правна рамка за вршење на дејноста зонско паркирање во Општина Кавадарци од страна на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

1. Физибилити студија за финансиска и правна рамка за вршење на дејноста зонско паркирање во Општина Кавадарци од страна на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
2. Физибилити студија за финансиска и правна рамка за вршење на дејноста зонско паркирање во Општина Кавадарци од страна на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Предлог-Физибилити студија за финансиска и правна рамка за вршење на дејноста зонско паркирање во Општина Кавадарци од страна на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ КавадарциПредлог-Физибилити студија за финансиска и правна рамка за вршење на дејноста зонско паркирање во Општина Кавадарци од страна на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарцичлен 82 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр. 08/2005......64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
### за пристапување кон измена и дополнување

**на Статутот на Општина Кавадарци**

Член 1

Во Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005, 14/10, 24/10, 38/19,64/20), се пристапува кон измена и дополнување и тоа :

Во глава IV.ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА , член 128-а, 128-б, 128-в, 128-г, 128-д, 128-ѓ, 128-е СЕ БРИШАТ и се додаваат нови членови член 128-а, 128-б, 128-в, 128-г, 128-д, 128-ѓ, 128-е , 128-ж, 128-з, 128- ѕ, 128-и, 128-ј, кои се однесуваат на формирање на Локален Младински совет.

Член 2

Се задолжува Комисијата за статут и прописи да го разгледа предлогот за пристапување кон измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци, и да предложи на наредна седница Советот на Општина Кавадарци да донесе Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци.

Член 3

Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-3077/4**
**27.05.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Правилник за начинот и условите за користење , сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Правилник за начинот и условите за користење , сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/5**
**31.05.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05........64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за начинот и условите за користење , сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за користење, сервисирање и одржување, со цел зголемување на ефикасноста и економичноста при располагање и користење на службените возила на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Службените возила се во трајна сопственост на Општина Кавадарци

и со нив трајно располага и управува општината согласно овој Правилник.

**<u>Користење на службени возила</u>**

Член 3

Право на користење на службени возила имаат вработените во Општина Кавадарци за извршување на редовни службени активности утврдени согласно описот на работното место, како и членовите на Совет на Општина Кавадарци

Службените возила сопственост на Општина Кавадарци, во зависност од видот и потребата по претходно писмено барање можат да ги користат и лица од ранлива категорија, организирани групи на спортски клубови, здруженија на граѓани за активности од јавен и општествен интерес.

Член 4

Службените возила сопственост на Општината ги управува возач/овластено лице вработено во општината.

Лицето од став 1 е должно при управувањето да располага со соодветни дозволи и други потребни документи за вршење на таквиот превоз регулиран со Закон за превоз во патниот сообраќај.

Член 5

Средствата (нафтени деривати и патарини) потребни за користење на возилата за службени потреби се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кавадарци.

Барателите (НВО,спортски клубови) за користење на службени возила сопственост на општината, средствата (нафтени деривати и патарини) можат и самите да ги обезбедат и тоа треба да биде наведено во барањето.

Член 6

Со службените возила сопственост на Општината се врши организиран превоз на територијата на Општина Кавадарци, на територијата на Република Северна Македонија, а по потреба и надвор од границите на државата, за што задолжително треба да има уредна и веродостојна документација за патување надвор од границите на државата.

Член 7

За секое користење на службено моторно возило за службени потреби се издава во писмена форма патен налог, заверен од страна на раководителот на одделение на соодветниот Сектор или раководителот на Сектор .

За секое користење на службено моторно возило за службени потреби од страна на членовите на Совет на Општина Кавадарци, по претходно писмено барање прилог на овој Правилник, се издава во писмена форма патен налог, заверен од страна на Секретарот на Општина Кавадарци

Член 8

Службените возила во зависност од видот на потребата опишана во барањето ке се користат за превоз на лица од ранлива категорија, организирани групи на спортски клубови, здруженија на граѓани за активности од јавен и општествен интерес, за потребите на општинската администрација во функција на општествени активности, во понатамошниот текст (корисници).

Член 9

Службените возила сопственост на Општината ке можат да се користат од корисниците по претходно доставено писмено барање(прилог бр.1) до општината и соодветна документација, опис на патувањето.

Барањето и прилог документацијата се доставува до општината најкасно во рок од 3 (три ) календарски денови пред потребата од патување.

Лицата од ранливи категории/телесен инвалидитет/попреченост, барањето го поднесуваат еднаш или повекепати годишно во зависност од потребата .

Член 10

Барање за превоз со службено возило сопственост на општина може да поднесат ранливите групи, за децата со интелектуална попреченост (од сите категории) заради решавање на проблемот со превозот на децата до институциите каде дневно ги обавуваат нивните лични-општествени активности (престој или следење на специјална или редовна настава) и тоа со специјална придружба на стручно лице (согласно закон), по список на деца кој е предаден од институцијата каде децата дневно престојуваат или следат посебна настава или редовна настава.

Барањето од став 1 на овој член се доставува до Комисијата за социјална и детска заштита.

Комисијата за социјална и детска заштитаја ја проценува веродостојноста на потребата, ја разгледува можноста за вклопување во веќе утврдените моментални активности или ангажман на возилата и во рок најмалку од 1 (еден) календарски ден со Заклучок ги известува барателите (подносителите на барањето) за одобрување или одбивање на барањето.

Овластеното лице вработено во општината за социјална и детска заштита :

ја прибира и чува целокупната документација по Барањето од барателот;

го потпишува патниот налог ја следи неговата реализација се до завршување на потребата по барањето за превоз;

Заклучокот од Комисијата заедно со заверен патен налог го доставува до Секретарот на Општината .

Член 11

Барање за превоз со службено возило сопственост на општина може да поднесат организирани групи на спортски клубови, здруженија на граѓани за активности од јавен и општествен интерес.
Барањето од став 1 на овој член се доставува до Комисијата за спорт, која ја води овластено лице за спорт .

Комисијата за спорт, ја проценува веродостојноста на потребата, ја разгледува можноста за вклопување во веќе утврдените моментални активности или ангажман на возилата и во рок најмалку од 1 (еден) календарски ден со Заклучок ги известува барателите (подносителите на барањето) за одобрување или одбивање на барањето.

Овластеното лице вработено во општината за спорт :

ја прибира и чува целокупната документација по Барањето од барателот;

го потпишува патниот налог ја следи неговата реализација се до завршување на потребата по барањето за превоз;

Заклучокот од Комисијата заедно со заверен патен налог го доставува до Секретарот на Општината .

Член 12

Барање за превоз со службено возило сопственост на општина може да поднесат претставници од областа на културата,локален економски развој.
Барањето од став 1 на овој член се доставува до соодветната Комисијата за култура/локален економски развој , која ја води овластено лице за култура/локален економски развој.

Комисијата култура/локален економски развој, ја проценува веродостојноста на потребата, ја разгледува можноста за вклопување во веќе утврдените моментални активности или ангажман на возилата и во рок најмалку од 1 (еден) календарски ден со Заклучок ги известува барателите (подносителите на барањето) за одобрување или одбивање на барањето.

Овластеното лице вработено во општината за култура/локален економски развој:

ја прибира и чува целокупната документација по Барањето од барателот;

го потпишува патниот налог ја следи неговата реализација се до завршување на потребата по барањето за превоз;

Заклучокот од Комисијата заедно со заверен патен налог го доставува до Секретарот на Општината .

**Сервисирање и одржување**

Член 13

Возачот на службеното возило за услугите за поправка, сервисирање, одржување и миење на возилото, задолжително пријавува кај овластеното лице.

Услугите од став 1 може да се извршат исклучиво кај економскиот оператор со кој е склучен договор за јавна набавка по цени утврдени во договорот;

**Член 14**

При секое користење на службените возила, возачот кој е одговорен за управување со возилата, потребно е да води патен налог,(прилог бр.2 ), со јасно наведување на:

- име и презиме на корисникот на возилото;
- потпис од лицето/корисник на возилото;
- видот и регистарски број на возило;
- релација на движење почеток и крај;
- опис на задачата на службеното патување;
- час на поаѓање и час на враќање,
- број на поминати километри;
- вид на нафтен дериват кој го користи возилото.

**Регистрација и осигурување**

Член 15

Евиденцијата за регистрација и осигурување на возилото е исклучива надлежност и одговорност на Шефот на возниот парк.

Член 16

Поединечна одговорност за непочитување на наведените напатствија ќе сноси секој возач кој ќе се однесува спротивно од изнесеното.

Член 17

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за користење на возила-патничко повекенаменско возило и автобус на едно ниво, сопственост на Општина Кавадарци бр.08-5725/10 од 31.10.2019 („Сл.Гласник на Општина Кавадарци).

Член 18

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во„Службен гласник на општина Кавадарци”.

**Бр.08-3077/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Прилог.бр.1

**До**
СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**-Комисија за ______________________**

О Б Р А З Е Ц / Б А Р А Њ Е

Од лицето_________________во својство на претставник на ______________________________, во согласност со одредбите на Правилникот за начинот и условите за користење , сервисирање и одржување на службените возила сопственост на Општина Кавадарци, го поднесува предметното барање за користење на:

- службено возило сопственост на Општина Кавадарци.

Заради_______________________________________________________
(опис,време,место и цел на патување)
__________________________________________________________________________,за што во прилог на барањето доставувам:

_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
______________________________

Средствата за нафтени деривати и патарина се на товар на Општина Кавадарци / Барателот.

Дата

Име и презиме
на овластено лице
______________________________
______________________________

(потпис)

.................................................
(назив на правниот субјект)

Сектор _____

Kavadarci

................./

Реден број
на евиденцијата

## Налог за користење на службено возило

______________________________
(презиме и име на корисникот)
(работно место- положба, звање)

______________________________ ______________________________
(назив на возилото) (рег. број)

од ______________________________

(место на поаѓање) (место на определување)

(опис на работата- службеното дејствие што се врши)

Време на поаѓањето Време на враќање

Состојба на броилото при поаѓање км.

при враќање км.

Број на поминати километри км.

Заверува/одобрува,

(потпис на возачот) (потпис на корисникот)

(овластено лице)

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2021 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ бр.5/02“), а во врска со член 99 од Законот за градежно земјиште (“Сл.Весник на РМ бр.15/15, 44/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16 и“Службен весник на РСМ бр.275/19“), и член 113 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/2005, 14/10,24/10, 38/19, 64/20“),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за изменување и дополнување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2021 година

**Член 1**

Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2021 година бр.08-6496/12 од 16.12.2020 година, се врши следната измена:

**I.Во Глава А)**Просторен опфат и предмет на Програмата, после точка 11 СЕ ДОДАВА нова точка 12 која гласи:

**12.ДУП за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион“ 2020-2025 г..**

**II.Во глава В точка II алинеа 2** се врши измена и дополнување на табеларниот преглед детален преглед на градежните парцели што ќе бидат предмет на менаџирање по населено место и по урбанистички план се додава нова табела која гласи:

**12. ДУП за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион“ 2020-2025 г.**

| Број на градежна парцела | Основнакласанана мена | Компатибилна класа на намена | Катност | Броеви на катастарски парцели во состав на г.п. | Максимална висина до венец во м1 | Површина на градежна парцела во м2 | Површина за градба во м2 | Бруто развиена површина за градба во м2 | Коефициент на искористеност | Процент на изграденост % | Почетна утврдена цена по м2 во МКД | Вкупна цена во МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.11.1 | Е2 (БС) – комунална супраструктура Бензинска станица | Придружно услужни објекти | П+1 | Дел од КП бр.13713/1 | 8.50 | 2422,8 | 1522 | 3044 | 1.3 | 63% | 820,оо | 1.986.696,оо |
| Вк. | | | | | | | | | | | | 1.986.696,оо |

**III.Во глава В точка V.**Проценка на финансиски приливи по основ на реализација на Програмата после точка 11 СЕ ДОДАВА нова точка 12 со следниот текст:

**12.ДУП за УЕ 6, дел од блок 6.11, „Јасмин под стадион“ 2020-2025 г. – 1.986.696,оо денари.**

**Вкупно:--------------------------------------6.282.825,88 денари**
**Општина Кавадарци-----------------------5.026.260,70 денари**
**Република Северна Македонија--------1.256.565.18 денари**

Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци“.

Бр.08-3077/6
27.05.2021 година
К А В А Д А Р Ц И

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/7**
**31.05.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ"бр. 32/20) и член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05…..64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изменување и дополнување на Програмата**
**за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година**

**Член 1**

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.66/20), се врши следната измена и дополнување:

Глава: IV. Урбанистички планови финансирани од правни и физички лица, после точка 50, се додаваат 9 нови точки кои гласат:

51.„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1.1 со поставување на фото-напонски панели на земјиште на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци.
Површина на планскиот опфат-10,76 ха.
Граница на планскиот опфат:
-на север –КП 399 КО Гарниково
-на запад-дел од 441 КО Гарниково
-на југ-дел од КП 441 КО Гарниково
-на исток – КП 400, КП 401, КП 417/1, КП 419 и КП 420 КО Гарниково
Намена:
-Е1.13 –Површински соларни и фотоволтаични електрани;
52. „ Иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на пристапен пат до фотоволтаични електрани Гарниково 1.1, 1.2, 1.3, 1.4 и 1.5 на дел од КП 441 и дел од КП 506, КО Гарниково, Општина Кавадарци.
Површина на планскиот опфат- ~1,5 ха.
Граница на планскиот опфат:
-на север –КП 399 КО Гарниково
-на запад-дел од 441 КО Гарниково
-на југ-дел од КП 506 КО Гарниково
-на исток – дел од КП 441 КО Гарниково
Намена:
-Е1.1 –Сообраќајни патни инфраструктури;
53..„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1.2 со поставување на фото-напонски панели на земјиште на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци.
Површина на планскиот опфат-10,06 ха.
Граница на планскиот опфат:
-на север –дел од КП 441 КО Гарниково
-на запад-дел од 441 КО Гарниково
-на југ-дел од КП 441 КО Гарниково
-на исток – КП 420, КП 417/1, КП 422 и КП 423 КО Гарниково
Намена:
-Е1.13 –Површински соларни и фотоволтаични електрани;

54..„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1.3 со поставување на фото-напонски панели на земјиште на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци.
Површина на планскиот опфат-10,48 ха.
Граница на планскиот опфат:
-на север –дел од КП 441 КО Гарниково
-на запад-дел од 441 КО Гарниково
-на југ-дел од КП 441 КО Гарниково
-на исток – КП 426, КП 429, КП 430, КО Гарниково
Намена:
-Е1.13 –Површински соларни и фотоволтаични електрани;

55..„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1.4 со поставување на фото-напонски панели на земјиште на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци.

Површина на планскиот опфат-10,25 ха.

Граница на планскиот опфат:

-на север –дел од КП 441 КО Гарниково

-на запад-дел од 441 КО Гарниково

-на југ-дел од КП 441 КО Гарниково

-на исток – КП 430, КП431, КП 437, КП 440, КП 439 и КП 417/1 КО Гарниково

Намена:

-Е1.13 –Површински соларни и фотоволтаични електрани;

56..„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1.5 со поставување на фото-напонски панели на земјиште на дел од КП 441 и дел од КП 506, КО Гарниково, Општина Кавадарци.

Површина на планскиот опфат-6,7 ха.

Граница на планскиот опфат:

-на север –дел од КП 441 КО Гарниково

-на запад-дел од 441 и дел од КП 506 КО Гарниково

-на југ-дел од КП 507 КО Гарниково

-на исток – дел од КП 417/1 КО Гарниково

Намена:

-Е1.13 –Површински соларни и фотоволтаични електрани;

57..„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана Љубаш 1, за поставување на фото-напонски панели на земја на КП 4122, дел од КП 4121, дел од КП 4120, дел од КП 4119, КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци.

Површина на планскиот опфат-1,7 ха.

Граница на планскиот опфат:

-на север –дел од КП 3959 и КП 4125 КО Кавадарци вон град;

-на запад-дел од КП 4121, КП 4120 и КП 4119 КО Кавадарци вон град;

-на југ-дел од КП 9612 КО Кавадарци вон град;

-на исток –КП 4124 и КП 4123 КО Кавадарци вон град;

-Е1.13 –Површински соларни и фотоволтаични електрани;

58..„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана Љубаш 2, за поставување на фото-напонски панели на земја, на КП 4107, КП 4108, КП 4109, КП 4110, КП 4111, КП 4113/1, КП 4113/2, КП 4114, КП 4115, КП 4116/1, КП 4116/2, КП 4117, КП 4118, дел од КП 4119, дел од КП 4120, дел од КП 4121, КО Кавадарци вгр, Општина Кавадарци..

Површина на планскиот опфат-7 ха.

Граница на планскиот опфат:

-на север –дел од КП 3959 КО Кавадарци вон град;

-на запад- дел од КП 4121, КП 4120 и КП 4119 КО Кавадарци вон град;

-на југ-дел од КП 9612 КО Кавадарци вон град;

-на исток –КП 4106 и дел КП 9587 КО Кавадарци вон град;

-Е1.13 –Површински соларни и фотоволтаични електрани;

59..„ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана Љубаш 3, за поставување на фото-напонски панели на земја, на КП 4356 и на КП 4355, КО Кавадарци вгр, Општина Кавадарци..

Површина на планскиот опфат-0,66 ха.

Граница на планскиот опфат:

-на север –дел од КП 9612 КО Кавадарци вон град;

-на запад- дел од КП 4358 КО Кавадарци вон град;

-на југ-дел од КП 4358 и КП 4357 КО Кавадарци вон град;
-на исток –КП 4354 КО Кавадарци вон град;
-Е1.13 –Површински соларни и фотоволтаични електрани;

**Член 2**

Програмата влегува во сила ( 8 ) осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. Гласник на Општина Кавадарци" .

Бр.08-3077/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
27.05.2021 година **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за кофинансирање на проект во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за кофинансирање на проект во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2), донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/8 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05..... 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден27.05.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за кофинансирање на проект во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2)**

**Член 1**

Советот на општина Кавадарци дава согласност за учество на проект кој ќе се аплицира до Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2), ЕУ-УНДП. Целта на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2) е да се поттикнат општините да финансираат проекти на граѓански организации преку јавни повици на транспарентен начин.

**Член 2**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава согласност за кофинансирање на проектот доколку биде одобрен, во висина од 30 проценти од вкупниот износ на средствата кои ќе бидат распределени на општината.

**Член 3**

Доколку Општина Кавадарци биде избрана за партнерска општина во гореспоменатиот проект, средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

Бр.08-3077/8 — СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**27.05.2021 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци ,,бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/9**
**31.05.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 4 од Законот за јавен долг („Сл. Весник на Р.М„ бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и 98/19), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05.....64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува намерата за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Кавадарци, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) финансиран со заем од

Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, со цел финансирање на енергетски ефикасни активности во објекти (проекти):

1. Проект за поставување на фотоволтаични системи на јавно улично осветлување во Општина Кавадарци

2. Поставување на фотоволтаични системи на јавни институции во Општина Кавадарци, и тоа:

    - ЈОУ Библиотека "Феткин"
    - Дом на култура "Иван Мазов - Климе"
    - ПОУ "Страшо Пинџур"- с.Возарци
    - ПОУ "Страшо Пинџур" - с.Дреново
    - ПОУ "Страшо Пинџур" - с.Марена
    - ПОУ "Тоде Хаџи–Тефов" – с.Бегниште
    - ПОУ "Димката Ангелов-Габерот" – с.Сопот
    - ЈОУДГ "Рада Поцева"
    - ООМБУ "Лазо Мицев Рале"
    - Спортска сала Партизан

**Член 2**

По прифаќање на предложените проекти од страна на Министерството за финансии (ПСЕЕП единицата), се овластува Градоначалникот во име на Општина Кавадарци да го потпише Иницијалниот договор согласно условите од Јавниот повик.

**Член 3**

Условите на задолжувањето ќе се утврдат по одобрувањето на проектите од страна на Министерството за финансии согласно условите наведени во Јавниот повик.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во„ Службен гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.08-3077/9 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2021 година Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за отпис на застарени побарувања на Општина Кавадарци од физички лица по основ данок на имот**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за отпис на застарени побарувања на Општина Кавадарци од физички лица по основ данок на имот , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 615од Законот за Локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 84 став 1 и член 85 став 2 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ" бр. 61/04........... 23/16), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05........64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отпис на застарени побарувања на Општина Кавадарци од физички лица по основ данок на имот**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис на застарени побарувања кои Општина Кавадарци ги има спрема физички лица кои се евидентирани во софтверскиот програм за данок на имот за физички лица во Општина Кавадарци.

**Член 2**

Се врши отпишување на застарени побарувања спрема физички лица за период од 2006 до 2009 година и пренесено салдо од Управа за јавни приходи– побарувања, по основ на данок на имот за физички лица во износ од 7.829.184,84 денари.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за финансиски прашања односно одделение за администрирање на даноци и такси да ја спроведи оваа Одлука во базата на евиденција на даночни обврзници –физички лица по основ на данок на имот .

Листа за отпис на побарувањата е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08-3077/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2021 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2021 година, донесена на

Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05..... 64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела**
**за 2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Кавадарци го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за набавка на енергетско ефикасни грејни тела за 2021 година.

**Член 2**

Максималниот износ за поединечна субвенција за купување на енергетско ефикасни грејни тела по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на грејното тело, но не повеќе од 15.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

**Член 3**

Финансиските средства во вкупен износ од 1.200.000,00 денари за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година, програма ГА конто 464 990.

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела се утврдени во Правилникот за

утврдување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства со намена за субвенционирање на физички лица за купени енергетско ефикасни грејни тела, донесен од Совет на општина Кавадарци.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

Бр.08-3077/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**27.05.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет Мал.вред.П.бр.33/21 поведен пред Основен суд Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет Мал.вред.П.бр.33/21 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), член 132 став од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05...64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет Мал.вред.П.бр.33/2021 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет, Мал.вред.П.бр.33/2021 поведен пред Основен суд Кавадарци.

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци Мал.вред.П.бр.33/2021 за исплата на надомест на материјална штета за срушен помошен објект со вкупна внатрешна површина од 18 м2 и одземено од владение земјиште на кп.бр.4629 КО Ваташа во вкупна површина од 24 м2 м.в.„Ф.Поп Георгиев“ култура гз со новоформирана кп.4629/2 од кои 3 м2 дел од гиз, 18 м2 дел од зпз 1 и 3 м2 дел од зпз 2 кои се формираат согласно Геодетски елаборат за премер во функција на одржување на катастарот на недвижности – утврдување на фактичка состојба – експропријација КО Ваташа изработен од ДКГР „Геовизија“ ДООЕЛ Кавадарци со деловоден број 0808-183/2 од 14.12.2020 година, со право на користење на тужителот Васил Кеков од Кавадарци ул.„Ферчо Поп Георгиев“бр.1 Ваташа по Имотен лист бр.3294 КО Ваташа кое сега претставува дел од улица која е проширена и асфалтирана.

2. Страните на Судската Спогодба се согласни за срушениот помошен објект во површина од 18 м2 и одземено од владение земјиште од точка 1 на оваа спогодба во површина од 24 м2 тужениот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име надомест на материјална штета да му исплати на трансакциона сметка на тужителот Васил Кеков вкупен износ од 185.545,00 денари и трошоци на постапката во вкупен износ од 30.924,00 денари, согласно доставен трошковник.

3. Страните на Судската спогодба се согласни надоместокот во износ од од 185.545,00 денари и трошоци на постапката во вкупен износ од 30.924,00 денари тужениот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да

ги плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба.

4. Страните на Судската Спогодба се согласни оваа Судска спогодба да претставува основ за пренос на правото на сопственост во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите од име на тужителот Васил Кеков на име на тужениот Општина Кавадарци – Локална самоуправа како корисник на градежното земјиште цитирано во точка 1 од оваа спогодба.

5. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот во предметот кој пред овој суд се води под од Мал.вред.П.бр.33/2021.

6. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот Мал.вред.П.бр.33/2021 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3077/12** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2021 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/13** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05......64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци**

ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци

ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува субвенционирање на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци во износ од 1.025.948,00 денари ( еден милион дваесет и пет илјади деветстотини четириесет и осум денари).

Член 2

Финансиските средства од став 1 на овој член ќе се исплатат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година, конто 464990 .

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3077/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за примање донација на материјални добра (опрема за кабинети по музичко обрзование) од Здружение на граѓани "РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ" Кавадарци и давање на Општинско основно музичко балетско училиште "Лазо Мицев - Рале" Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за примање донација на материјални добра (опрема за кабинети по музичко обрзование) од Здружение на граѓани "РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ" Кавадарци и давање на Општинско основно музичко балетско училиште "Лазо Мицев - Рале" Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/02, 14/10, 24/10, 38/19 и 64/20), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15)член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05...64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање донација на материјални добра (опрема за кабинети по музичко обрзование) од Здружение на граѓани “РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ” Кавадарци и давање на Општинско основно музичко балетско училиште “Лазо Мицев - Рале” Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација материјални добра, целосно внатрешно опремување на кабинети за групна и индивидуална настава во новите простории на Општинското основно музичко балетско училиште “Лазо Мицев - Рале” Кавадарци и тоа:

- Музички инстументи во износ од 103.000,00 денари (До-Ре-Ми пијано сдп-140 бр. 1, труба тп 501 бр. 1, тромблон сл 501 бр. 1, кларинет цл 501 бр.1, пултови за ноти бр. 10);
- Музички инструмент Тамбура (рачна изработка) бр. 1 во износ од 19.000,00 денари;
- Магнетна табла (петтолиние) бр. 1 во износ од 8.260,00 денари;
- Столчиња (мебел-Ви) бр. 22 во износ од 32.787,00 денари;
- Клупи бр. 8 и бироа бр. 5 во износ од 77.000,00 ден, од страна на давателот на донацијата, Здружение на граѓани “РОТАРИ КЛУБ КАВАДАРЦИ” Кавадарци, со цел за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и тоа од областа на образованието, согласно член 22 ст.1 т.8 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од **240.047,00 денари со вклучен ДДВ.**

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот во име на Општина Кавадарци како прималет на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 4**

Движните ствари од членот 1 од оваа одлука примателот на донацијата е должен да ја предаде на Општинско основно музичко балетско училиште “Лазо Мицев - Рале” Кавадарци, за што ќе се склучи договор за давање на трајно користење и записник за примопреддавање на истата.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-3077/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2021 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за примање донација на материјални добра –уметнички слики од Ѓорги Кимов

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за примање донација на материјални добра – уметнички слики од Ѓорги Кимов, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/02, 14/10, 24/10, 38/19 и 64/20), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15),член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05...64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

# О Д Л У К А
## за примање на донација на материјално добро –уметнички слики од Ѓорѓи Ќимов

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација -Тематска колекција од 13 (тринаесет) уметнички слики, направени во иста техника и 1 (една) копаничарска резба од копаничари од страна на давателот на донацијата Ѓорѓи Ќимов, со цел за остварување на јавен интерес за зајакнување на капацитетите на општинската администрација согласно член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ бр. 5/02,,).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 1.800 Евра или во денарска проввредност од 110.700,00 денари со ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи договор за донација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-3077/15**
**27.05.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за примање донација на Проекти за изградба на Фотоволтаични електрани од ДПООПТУ "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за примање донација на Проекти за изградба на Фотоволтаични електрани од ДПООПТУ "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/16** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** | **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ бр.05/02, 14/10, 24/10, 38/19 и 64/20), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15)член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05...64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање донација на Проекти за изградба на Фотоволтаични електрани од ДПООПТУ "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација

1. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА ГАРНИКОВО 1.1 СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТО-НАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈИШТЕ НА ДЕЛ ОД КП 441, КО ГАРНИКОВО, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ;

2. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА ГАРНИКОВО 1.2 СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТО-НАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈИШТЕ НА ДЕЛ ОД КП 441, КО ГАРНИКОВО, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ;

3. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА ГАРНИКОВО 1.3 СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТО-НАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈИШТЕ НА ДЕЛ ОД КП 441, КО ГАРНИКОВО, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ;

4. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА ГАРНИКОВО 1.4 СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТО-НАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈИШТЕ НА ДЕЛ ОД КП 441, КО ГАРНИКОВО, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ;

5. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА ГАРНИКОВО 1.5 СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТО-НАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈИШТЕ НА ДЕЛ ОД КП 441 И ДЕЛ ОД КП 506, КО ГАРНИКОВО, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ;

6. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПЕН ПАТ ДО ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ „ГАРНИКОВО 1.1, 1.2, 1.3, 1.4 И 1.5„ НА ДЕЛ ОД КП 441 И ДЕЛ ОД КП 506 , КО ГАРНИКОВО, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, од страна на давателот на донацијата Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци со седиште на ул. "Ило Костов" бр.31, за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес, од областа на комуналните дејности и екологијата согласно член 22 ст. 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр. 5/02) .

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 354.000,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како прималет на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата, согласно Законот за донации и спонзорства .

**Член 4**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кавадарци„

**Бр.08-3077/16**
**27.05.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
### за објавување на Одлука за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП„Комуналец„ Кавадарци

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„

**Бр.09-3232/17**
**31.05.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/02), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.Весник на РМ„ бр.38/96....35/19), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Одлуката за прифаќање на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП„Комуналец„ Кавадарци**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката со арх.бр.02-570/7 за прифаќање на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена на Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, одржана на ден 07.05.20201 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3077/17**
**27.05.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за донација на Синдикална организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Одлука за донација на Синдикална организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/18**
**31.05.2021 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/02), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.Весник на РМ„ бр.38/96....35/19), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05....64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање согласност на Одлуката за донација на Синдикална организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката со арх.бр.02-570/5 за донација на Синдикална организација на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена на Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, одржана на ден 07.05.20201 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3077/18**
**27.05.2021 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за донација на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Одлука за донација на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3232/19** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**31.05.2021 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/02), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.Весник на РМ„ бр.38/96....35/19), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05....64/20),

Советот на Општина Кавадарци на 56-та седница одржана на ден 27.05.2021 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање согласност на Одлуката за давање на донација**

**на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката со арх.бр.02-612/6 за давање на донација на Општина Кавадарци, донесена на Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, одржана на ден 14.05.20201 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3077/19** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2021 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2021 година.
